## ШТО МОЖАТ РОДИТЕЛИТЕ ДА СТОРАТ ВО УЧИЛИШТЕ?

Учествувајќи во работата на училиштето на разни начини подобро ќе го разберете училиштето и ќе пронајдете нови начини како да им помагате на децата во учењето.

- Зборувајте со учителот како да им помагате на децата кога учат
- Зборувајте со други родители како тие им помагаат на своите деца
- Помагајте им со програмите за читање во училиште (многу школи ги имаат - прашајте во училиштето на вашето дете дали има таква програма)
- Дојдете на родителските состаноци во училиште
- Посетете ја школската библиотека

## ДАЛИ САКАТЕ ДА ДОЗНАЕТЕ ПОВЕЌЕ?

За да добиете повеќе информации како да му помагате на вашето дете во учењето, телефонирајте

**бесплатно на: 1800 183 066...**



*Вклучете се*

## Натамошни информации може да се добијат од:

### Australian Council of State School Organisations (ACSSO)

Австралискиот совет за организации во државните училишта е национална организација за родителите на ученици која ги претставува интересите на над 2 милиони деца запишани во државните училишта во Австралија.

PO Box 323, Curtin ACT 2605
Телефон: (02) 6282 5150
Телефакс: (02) 6285 1351
Место на интернет:
www.acsso.org.au

### Australian Parents Council (APC)

Австралискиот родителски совет е сојуз на 11-државни организации на здруженија на родители чии деца не одат во државни училишта во секоја држава и територија на Австралија.

PO Box 5011, Launceston TAS 7250
Телефон: (03) 6334 8886
Телефакс: (03) 6334 8862
http://www.austparents.edu.au

**Бесплатен повик 1800 183 066**

Production of this leaflet was supported by a grant from the Australian Government Department of Education, Science and Training.

Macedonian

# Писменост



## Многу значи придонесот на родителите

Australian Council of State School Organisations Inc.

Australian Parents Council Inc.

Australian Government
Department of Education, Science and Training

## Ние сме првите учители на нашите деца.

Вашето дете прво научува да зборува и да користи зборови дома. Семејствата одговараат на важни прашања на децата за тоа како изгледаат разни работи, зошто и кога се користат.

Се што ќе научат дома им помага кога ќе заодат на училиште и останува со нив доживотно.

## Помогнете му на вашето дете учењето да биде лесна работа.

**Еве како:**

- читајте им
- слушајте ги како ви читаат вам
- поттикнувајте ги да ви го раскажат тоа што го прочитале со свои зборови
- прашајте ги што научиле тој ден во училиште
- прашувајте ги да ви кажуваат за нешто што ги интересира (спорт, музика, телевизиска програма, цртеж)
- зборувајте за активности во заедницата
- зборувајте за верски празници и нивните значења

*Учењето заедно е забавно.....*

## Запомнете:

## ние можеме да им помогнеме на децата да учат на било кој начин што ни одговара...

Многу од секојдневните работи што ги правиме дома им помагаат на нашите деца да учат.

### Поттикнувајте го вашето дете да учи на овие начини:

- составете листа за пазарување
- пригответе еден рецепт заедно
- земете книга од училиштето или локалната библиотека
- испланирајте роденденска забава и напишете ги заедно поканите
- нацртајте слика и напишете на неа нешто и испратете ја до роднините
- читајте карикатури, комични стрипови, списанија и весници
- направете заедно книга со слики и зборови
- читајте му на вашето дете на вашиот мајчин јазик
- замолете го вашето дете да ве-научи да користите компјутер!



## Сите родители и семејства се важни

Секој има некое знаење што може да го сподели со другите. Секој има своја приказна што може да ја каже. Не мора да сте учител или да сте положиле испити за да им помагате на вашиот син или ќерка во учењето. Вие сте важни за да може детето да го сфати светот. Запомнете, вие сте првиот и најважниот учител на вашите деца.



## Учењето заедно причинува задоволство

Понекогаш изгледа како начинот на кој вашето дете го учат на училиште да е многу различен од начинот како вие учевте кога одевте на училиште. Можеби се чувствувате дека не можете да помогнете - но сепак можете!

На децата најмногу им треба да научат дека семејството ги поттикнува - тоа може да го научат од родителите, бабите и дедовците, тетките, вујковците и пријателите.

**Поддршката и поттикнувањето детето да учи се најважниот придонес што вие како родител можете да им го дадете за да успеат.**